ДКЖЈН

Државна комисија за жалби по јавни набавки

# ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

## План за спречување на корупцијата за 2021 година

Број 03-288/1

28.07.2021година

Скопје

[1] 03-288/1 [2021]

**ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
ВО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
за 2021 година**

## I. ВОВЕД

Врз основа на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата, како и Заклучок од 50 седница на Влада на Република Северна Македонија точка 83, оддржана на 2 март 2021 година, а во врска со Информација за превземање на мерки за борба против корупцијата, Државната комисија го изготви овој план за спречување на корупцијата.

Планот за спречување на корупција претставува годишен документ кој го одразува ефективното управување со ризиците од корупција и служи да помогне во идентификувањето на корупцијата и другите неетички ризици, како и проактивно идентификување и разгледување на подложноста на Државната комисија за жалби по јавни набавки кон внатрешни и кон надворешни закани од нелегално или неетичко однесување во делот за кој е надлежна.

ЗНАЧЕЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ПОИМИ;

- Корупција значи злоупотреба на функција, јавно овластување, официјална должност и позиција за целите на стекнување на придобивки за себе или за други.

- Ризик е веројатноста од случување на настан со негативно влијание на остварувањето на целите на субјектот.

- Управување со ризик е процес на утврдување и оцена на внатрешните и надворешните ризици кои може негативно да влијаат на исполнувањето на целите на субјектот и спроведување на потребните контроли со цел за изложеноста на ризик да биде на прифатливо ниво или да се намалат последиците од можен ризик на прифатливо ниво.

- Сомнеж за измама е преземено или непреземено дејство од кое оправдано може да се донесе заклучок за намерно или погрешно презентирање на материјалните или финансиските факти.

- Ризик од корупција е кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или процес кој може да претставува можност за појава на корупција и кој ги вклучува следните прашања: судир на интерес, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластување, непотизам, ограничување на работење, обелоденување на пријави за имотна состојба, тргување со информации, транспарентност на постапки, итн.

## II. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

Целта на овој чекор е одговорните лица да ја анализираат внатрешната и надворешната ситуација на Државната комисија со цел идентификување на ризиците (слабостите) за појава на корупција и друго незаконско и неетичко однесување (каде, кога, зошто и како може нешто да се појави) бидејќи неидентификуваните ризици не може да се третираат. Оценката за ризик од корупција претставува процес кој ќе придонесе за идентификација и приоритизирање на ризиците од корупција за да се помогне на Државната комисија да препознае зошто е подложна на корупција. Со примена на оценката за ризик од корупција, Државната комисија може да идентификува каде има голема веројатност за појава од корупција, со што се овозможува разгледување и спроведување на проактивни мерки за да се намали можноста од појава на истата.

АЛАТКИ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА РИЗИЦИ И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

- Минато организациско искуство
- Резултати од годишни ревизии
- Извештаи од внатрешно истражување
- Резултати од ревизии/физички инспекции
- Евиденција за претходни загуби
- Приговори од персоналот, договорните органи или жалителите како странки во постапките по јавни набавки
- Прашалници и интервјуа
- Анализа на активности на работни места

На пример: недостатокот од персонал може да ја загрози ефективноста на институцијата и прашањето поврзано со човечките ресурси на истата, но од друга

страна, таквиот ризик може да претставува и опасност од корупција бидејќи недостатокот од персонал значи и оптоварување на едно (неколку) лица, заостанати предмети и прекумерна концентрација на овластувања и процеси на донесување на одлуки (недостаток од контрола, итн.). На овој начин, некои предмети/задачи може намерно да се стават на страна или некои предмети/задачи може прво да се решат или да се носат одлуки без соодветна контрола.

## III. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Цели кои се утврдуваат со овој план се создавање и унапредување на воспоставената антикорупциска инфраструктура во Државната комисија, преку унапредувањето на примената на законите со кои се регулира областа на борбата против корупцијата, зголемување на транспарентноста во работењето и создавање на одржлива институционална и правна рамка за борба со корупцијата која истата треба да ја намали во прифатливи граници и да ја сведе на маргинална општествена појава. Остварувањето на оваа цел ќе овозможи мапирање на чувствителните процеси (на пример, начинот и моделот на носење на одлуки во жалбените постапки) и мапирање на чувствителни персонални функции каде има значителна подложност за повреда на интегритетот.

## IV. МЕРКИ, НАЧИН И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ

Остварувањето на целите на планот ќе започне со испраќање на јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и ќе се води според следните принципи:

1. **Принципот на законитост** - почитување на правните норми пропишани во Уставот и законите во државата. Никој не смее да ја користи функцијата, службената должност и положба за извршување на некое дејствие што според закон не смее да го изврши или неизвршување на некое дејствие што според закон мора да го изврши. Никој не смее извршувањето на законито дејствие да го искористи за својот личен интерес или за интересот на друго лице.

2. **Принцип на интегритет** - подготвеност на поединецот да препознае и одлучно да се спротивстави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација. Под поимот „интегритет" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени. Секој е должен во вршењето на функцијата да постапува совесно,

стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на службените обврски и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

**3.Принципот на еднаквост** - еднаков пристап, еднакво постапување, слободно настапување и еднаквост при пријавување корупција. Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно неизвршување на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.

**4.Принцип на јавност** - Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола од граѓаните.

**5. Принцип на заштита и одговорност** - Овој принцип подразбира дека секој, доколку има информации, има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

Индикатори за постигнување на резултатот:

- Донесување на одлуките во жалбените постапки на квалитетен и транспарентен начин во законски предвидениот рок;
- Секојдневно објавени жалби на ВЕБ - страната на Државната комисија;
- Број на посетители на официјалната ВЕБ – страна;
- Тековно објавување на сите донесени одлуки на Државната комисија по повод изјавени жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки;
- Број на спроведени анкети или на друг начин добиени информации за постоење на корупција;
- Почитување на процесите-процедурите за работа изработени според систем за управување со квалитет ISO 9001:2015;
- Електронски информации во вид на мапа за траекторијата на предметот со временска рамка која може да биде јавно достапна;

- Зголемување на транспарентност, одговорност, ефикасност и отчетност при реализација на надлежностите;
- Ажурирање на постоечките стандарди и процедури за работа и нивно усогласување со законот и со воспоставената пракса;
- Јакнење на свеста и едукација на вработените за последиците од коруптивни дејствија;
- Редовно инфомирање на јавноста за сите информации, извештаи, работни средби од дневни настани и слично;
- Јакнење на интегритетот и професионализмот на вработените;
- Активна департизација и деполитизација;
- Почитување на Кодекс за административни службеници од страна на вработените;
- Почитување на Етичкиот кодекс за именувани лица;
- Јакнење на довербата кај граѓаните и мотивирање да пријават корупција;

## V. НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ

Носители на предвидените активности во Планот се Генералниот секретар, и раководните лица во секторите и одделенија во администрацијата на Државната комисија.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој План влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Кирил Каранфилов**